Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 54, 15 февруари 2011 година

февруари 2011 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област дизајнирање на текстил и облека на Технолошко-технички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставното-научното подрачје филозофија на Педагошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област биофизика и оптика на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област етика на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање насловен доцент по предмети од научната област социологија на масовни комуникации и информации на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ТЕКСТИЛ И ОБЛЕКА НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2802-77/16 од 21.12.2010 год., донесена на 28. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет, одржана на 21.12.2010 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на ***помлад асистент - асистент*** (двајца соработници) од научната област ***дизајнирање на текстил и облека*** на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник" (18.11.2010 година) и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

1. Сања Спасова - магистер по моден дизајн;
2. Маја Кикириткова - магистер по моден дизајн;
3. Соња Јордева - магистер на технички науки;
4. Маја Ќертакова - магистер по ликовна уметност - моден дизајнер;
5. Тоше Тошев - дипломиран моден дизајнер;
6. Катерина Ангелоска - дипломиран инженер на текстилна технологија и инженерство;
7. Маја Јаневска - дипломиран инженер технолог.

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Сања Спасова** е родена на 16 март 1984 година во Штип, Р.Македонија, каде завршува основно и средно образование. Дипломира на Технолошко -металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на насоката Конфекциско инженерство во 2008 год. Магистрира на Факултетот за арт и дизајн на насоката Моден дизајн при Европскиот универзитет во Скопје, Р.Македонија, на тема „*Современите достигнувања во дизајнот на заштитната облека со посебен осврт на заштитниот воен елек*" на 6.10.2010 год. и се стекнува со академски статус **магистер по моден дизајн.**

***Работно искуство***

Во 2007 година се вработува како контролор во фабрика за изработка на женски панталони, каде преку соработка со контролори од странство стекнува исклучителни знаења од областа на квалитетот на готовите текстилни производи.

Од 2008 година до денес работи како лаборант на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, одговорно ги извршува задолженијата и помага при техничкото изведување на вежбите.

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир**

1. Сања Спасова, Сашка Голомеова, Силвана Крстева, *Линиска контрола во процесот на шиење на женски пантолони*, Зборник на трудови: Тенденции в развитието на индустриалните системи и технологии, Благоевград, 2010, стр: 165-169; (2 поени)
2. Силвана Крстева, Сашка Голомеова, Сања Спасова, *Распоред на машинскиот парк во линија за монтажа на цинс,* Зборник на трудови: Тенденции в развитието на индустриалните системи и технологии, Благоевград, 2010, стр: 157-161; (2 поени)

3. Сашка Голомеова, Сања Спасова, Силвана Крстева, *Прилагодување на производната линија при воведување на нов модел на женска кошула,* Зборник на трудови: Тенденции в развитието на индустриалните системи и технологии, Благоевград, 2010, стр: 161-165; (2 поени)

***Учество во проекти***

Соработник во европскиот тригодишен Темпус проект „*Creation of university-enterprise coorporation networks for education on sustainable technologies*" („Креирање на мрежи за соработка помеѓу универзитетите и компаниите за едукација за одржливи технологии") финансиран од Европската унија. Времетраење на проектот: 2010 - 2013 год. (8 поени)

***Учество на модни ревии***

2010 год. април - Учество на Битолската модна недела со заедничка ревија со студентите од Европскиот универзитет;

2010 год. март - Учество на модна недела во Скопје.

Познавање на странски јазици: англиски - добро, српски - добро.

***Студиски престој во странство***

Обуки во Германија и Австрија (16 поени).

*Доставени документи*: диплома за магистер по моден дизајн, уверение за државјанство, уверение за познавање на англиски јазик, копија од трите објавени труда во зборник на трудови и кратка професионална биографија.

Кандидатката **м-р Маја Кикириткова** е родена на 27 декември 1985 г. во Штип, каде завршува основно и средно образование. Во периодот 2004-2007 студира и дипломира на Високата текстилна струковна школа за дизајн, технологија и менаџмент во Белград.

Во учебната 2008 - 2009 година се запишува на постдипломските студии на Факултетот за арт и дизајн на Европскиот универзитет во Скопје, Р. Македонија. Магистрира на 7 октомври 2010 год. на тема „*Современи интерпретации на корсетот од викторијанскиот корсет во високата мода со посебен акцент на корсетот од викторијанскиот период*" и се стекнува со академски статус **магистер по моден дизајн**.

***Работно искуство***

Од септември 2009 год. до денес работи како лаборант на Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Во јуни 2009 г. - хонорарно работи како стилист на Иванна - водителка на *Exclusive*, за фестивалот *Фешта*.

Во јуни 2009 г. - хонорарно работи како асистент костимограф на филмот The Skopje, Омнибус, во режија на девет македонски режисери.

Во јуни 2009 г. - хонорарно работи како костимограф на претставата „Жените на Џејк", режија на Никола Ристов, Народен театар – Штип.

Во јуни 2009 г. - хонорарно работи како костимограф на претставата „Чернодрински се враќа дома", режија на Мартин Кочовски, Јордан Хаџи Константинов - Џинот, Велес.

Во април 2009 - хонорарно работи како костимограф на претставата „Лет во три глави" во режија на Никола Ристов, МНТ – Скопје.

Во март 2009 г. - хонорарно работи како моден дизајнер во ЕЛ Креатив.

Во март 2009 г. - хонорарно работи како стилист на водителите за домашниот избор на Евровизија.

Во февруари 2009 г. - хонорарно работи како костимограф на претставата „Мушичка" во режија на Никола Ристов, Јордан Хаџи Константинов - Џинот, Велес.

Во септември 2008 г. - хонорарно работи како моден дизајнер во Daka Fashion.

Во јули 2008 г. - работи на креации за Miss Leisure, Кина, Шангај, претставничка Ирена Танеска, Македонија.

Во јуни 2008 г. - работи како дизајнер во Fashion star, реално шоу.

***Учество на модни ревии***

Во април 2010 г. - учество на Битолската модна недела со заедничка ревија со студентите од Европскиот универзитет (1 поен).

Во март 2010 г. - учество на Скопскиот моден викенд со заедничка ревија со студентите од Европскиот универзитет (1 поен).

Во април 2009 г. - учество на Битолската модна недела со самостојна пролет - лето колекција 2009 г. (1 поен).

Во февруари 2009 г.- учество на саемот во Минхен - Германија (1 поен).

Во мај 2008 г. - учествува на Saraevo Fashion week со самостојна пролет-лето колекција 2008 и колекција на сандали (1 поен).

Во мај 2007 г. - учествува на Belgrade Fashion selection, заедничка студентска ревија во склоп на факултетот (1 поен).

Во мај 2009 г. - организатор е на рубриката *Моден едиторијал* во А1 Exclusive (1 поен).

Во 2009 мај г. - ментор е на една од студентките на Европскиот универзитет за изработка на модна колекција по повод роденденот на кралицата, во организација и финансирање на Холандската амбасада.

Член е на Македонската модна формација (ММФ) (1 поен).

Познавање на странски јазици: англиски - добро, српски -одлично.

*Доставени документи*: диплома за магистер по моден дизајн, уверение за државјанство, уверение за познавање на англиски јазик и кратка професионална биографија.

Кандидатката **м-р Соња Јордева** е родена на 7 ноември 1966 година во Штип, Р.Македонија. Дипломира на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на насоката Текстилно инженерство во 1989 год., а магистрира на 10 мај 2010 год. на Технолошко-металуршкиот факултет, насока Текстилно инженерство - механичка текстилна технологија, на тема „*Термофизиолошки комфор на плетенини за спортска облека во функција од структурните карактеристики и суровинскиот состав*“ и се стекнува со стручен степен **магистер на технички науки** од областа текстилно инженерство - механичка текстилна технологија.

***Работно искуство***

Од 1 септември 1989 год - до денес работи како наставник по стручни предмети од текстилната струка во СОУ „Димитар Мирасчиев“ во Штип.

Од 2001 до 2002 е координатор на реформата на стручно образование во средните стручни училишта во Македонија.

Од 2004 до 2010 е раководител е на Центар за кариера и ментор на младинската организација.

***Обуки***

Во 2007 год. - примена на интерактивна методологија во наставната пракса - Secondary Education Activities USAID, Скопје.

Во 2006 год. - обука за професионална биографија и интервју за работа - Secondary Education Activities USAID, Скопје.

В0 2006 год. - обука за ментори на локални младински организации - Secondary Education Activities USAID, Скопјел

Во 2005 год. - Construction and stylization of clothes, Sieradz, Poland.

Во 2004 год. - Vocational Education Teacher Training program - World Learning and U.S. Agency for International Development, The University of Minnesota, Minneapolis, USA.

Во 2004 год. - Оценување и ревизија на курикулуми на активни методи на учење - МОН и Gopa consultants, Скопје.

Во 2004 год. - Адаптација на курикулуми на активни методи на учење - МОН и Gopa consultants, Скопје.

Во 2003 год. - Развој на училишни проекти - МОН и Gopa consultants, Скопје.

Во 2003 год. - Децентрализација на средното стручно образование - МОН и Gopa consultants, Скопје.

Во 2002 год. - регионални центри, Teacher profile - МОН и Gopa consultants, Скопје.

***Учество на конгреси***

1. Учество на VIII конгрес по чиста и применета хемија со научниот труд „*Влијание на структурата на памучни плетенини врз термофизиолошкиот комфор*“, октомври 2009, Скопје (1 поен).
2. Учество на XXI конгрес на хемичари и технолози со научниот труд „*Влијание на структурните карактеристики и суровинскиот состав на десно-леви плетенини врз физичко-механичките карактеристики и термофизиолошкиот комфор“*, октомври 2010, Охрид (1 поен).

Автор е на наставни планови и програми за средно стручно образование за предметите: Технологија на конфекционирање, Конфекционирање со презентирање, Технологија на плетење и Практична настава.

Рецензент е на учебниците по предметите Технологија на ткаење за III и IV год. за средно стручно образование, за образовниот профил текстилен техничар (4 поени).

Познавање на странски јазици: англиски - одлично (читање, пишување, вербални вештини), француски - одлично (читање), многу добро (пишување, вербални вештини).

*Доставени документи:* диплома за магистер на технички науки, уверение за државјанство, уверение за англиски јазик, копија од објавените трудови, сертификати од посетените обуки и кратка професионална биографија.

Кандидатката **м-р Маја Ќертакова** е родена на 14 октомври 1985 год. во Штип. Дипломира на Националната ликовна академија, отсек Мода, во Софија (Р. Бугарија) во 2008 год. Истата година се запишува на втор циклус магистерски студии на Националната ликовна академија, отсек Мода, во Софија (Р. Бугарија) и на 10 февруари 2010 год. се стекнува со научен степен **магистер по ликовна уметност - мода.**

***Работно искуство***

Од октомври 2009 год до денес, волонтира на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Од 2004 до 2010 год. учествува на модни ревии со сопствени модели, на модни ревии и изложби организирани од Академијата каде студира или Министерството за култура на Р. Бугарија.

Познавање на странски јазици: англиски - активно познавање (IV степен), бугарски - активно познавање.

*Доставени документи*: диплома за магистер по ликовна уметност - мода (решение за признавање на високообразовната класификација стекната во странство за завршен втор циклус магистерски студии), еквиваленција на оценките, уверение за државјанство, уверение за англиски јазик, препораки од професори на Националната ликовна академија во Софија, Р. Бугарија и кратка професионална биографија.

Кандидатот **Тоше Тошев** е роден на 20 февруари 1986 год. во Штип. Дипломира на Факултетот по уметности при Југозападниот универзитет „Неофит Рилски“ во Благоевград, Република Бугарија и се стекнува со академски назив **дипломиран моден дизајнер**. По дипломирањето се запишува на постдипломски студии на истиот Универзитет во Р. Бугарија, на насоката Маркетинг и реклама во модниот дизајн.

Има завршен курс за фотомодели и манекени (2002).

Познавање на странски јазици: англиски - добро, бугарски - активно.

*Доставени документи*: диплома за дипломиран моден дизајнер (решение за признавање на високообразовната класификација стекната во странство), индекс од магистратурата (бугарски), уверение за државјанство, уверение за англиски јазик и кратка професионална биографија.

Кандидатката **Катерина Ангелоска** е родена на 5 јуни 1986 год. во Охрид. Дипломира на Текстилно-технолошкиот факултет во Загреб, Република Хрватска на модулот Индустриски дизајн на текстил и облека и се стекнува со академски назив **универзитетска првостепеница (Baccalaurea) инженерка на текстилна технологија и инженерство.**

*Познавање на странски јазици*: англиски - завршен курс за Preliminary English Test (PET) во 2002 год.

*Доставени документи*: Уверение за универзитетска првостепеница (Baccalaurea) инженерка на текстилна технологија и инженерство, уверение за државјанство, уверение за англиски јазик и кратка биографија.

Кандидатката **Маја Јаневска** е родена на 15 август 1980 год. во Делчево. Дипломира на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на 19 јануари 2005 год., со средна оценка 8,3 на насоката Конфекциско инженерство. Во моментот е запишана на постдипломските студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, на насока Менаџмент на квалитет.

***Работно искуство***

2003 - 2004 год. - демонстратор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

2005 - 2007 год. - технолог во производниот погон во Делчево на претпријатието Матис ДООЕЛ – Скопје.

2007 - 2009 год. - директор на продажба, Он нет, Скопје.

Од 2009 год до денес работи во Секторот за продажба во „One ДОО“, Скопје.

Познавање на странски јазици: англиски - завршен III степен, хрватски - одлично, српски - одлично, бугарски - одлично.

*Доставени документи*: диплома и уверение за завршени додипломски студии, уверение за државјанство, уверение за англиски јазик и кратка биографија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 129 (помлад асистент) и 130 (асистент) од Законот за високото образование на РМ, го даваме следниов заклучок и предлог.

Кандидатите **Тоше Тошев, Катерина Ангелоска и Маја Јаневска** не го исполнуваат условот за избор во звање помлад асистент/асистент од научната област *дизајнирање на текстил и облека* на Технолошко - техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, бидејќи немаат завршено академски студии од II циклус.

Врз основа на работната биографија, искуството стекнато во наставната и научноистражувачката работа, како и целокупната активност која е поврзана со научната област *дизајнирање на текстил и облека*, кандидатката **м-р Соња Јордева не го исполнува условот** за избор во звање помлад асистент/асистент, поради тоа што нема завршено академски студии од II циклус од соодветното научно, односно уметничко подрачје.

**М-р Марија Ќертакова, м-р Сања Спасова и м-р Маја Кикириткова** ги исполнуваат условите за избор во звање *помлад асистент* од научната област *дизајнирање на текстил и облека*.

Комисијата дава предност за избор на кандидатите **м-р Сања Спасова** и **м-р Маја Кикириткова,** бидејќи покажуваат поголема способност за наставно-образовна (НО), научноистражувачка (НИ), стручно-уметничка и организациско-развојна (СА+ОР) активност, што се констатира од нивните објавени стручни трудови, учество на научни конференции и модни ревии, во однос на кандидатката **м-р Марија Ќертакова.**

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатките **м-р Сања Спасова** и **м-р Маја Кикириткова** да бидат избрани во **помлади асистенти** од научната област *дизајнирање на текстил и облека*.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Винета Сребренкоска, доцент с.р.**
**Д-р Соња Ќортошева**, **вонреден професор, с.р.**
**Д-р Горан Дембоски, вонреден професор, с.р.**

## ПРИЛОГ
### Табела за вреднување на активностите на м-р Сања Спасова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| **Научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир (**0** во земјава/ **3** во странство) | 3 | 1/2 | **6** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учество на научен собир, концерт во земјава и во странство<br>Учество во модна ревија | **2** | **1** | **2** |
| Студиски престој во странство<br>Обука во Германија и во Австрија | **2** | **8** | **16** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Учесник во научен проект (0 во земјава/1 во странство) | 1 | 5/8 | **8** |
| **ВКУПНО** | **36** | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):
- Научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) = 28
- Стручно-апликативни и организационо-развојна (САОР) = 8
- Вкупно (НО + НИ + СУ + САОР = **36** поени).

## ПРИЛОГ
### Табела за вреднување на активностите на м-р Маја Кикириткова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| **Научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| Член на организационен одбор -<br>Организатор на рубриката Моден едиторијал на А1 exclusive; член на ММФ | 2 | 1 | **2** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Учество на научен собир, концерт во земјава и во странство<br>Учество во модна ревија | 6 | 1 | **6** |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| **ВКУПНО** | **12** | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

- Наставно-образовна (НО) = 0
- Научноистражувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) = 12
- Стручно-апликативни и организационо-развојно (САОР) = 0
- Вкупно (НО + НИ + СУ + САОР = 12 поени).

**ПРИЛОГ**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Соња Јордева, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Предавања по стручни предмети од текстилната струка во СОУ „Димитар Мирасчиев“ во Штип:<br>Технологија на конфекционирање, Конфекционирање со презентирање, Технологија на плетење и Практична настава. | 8 | 1,5 | **12** |
| Рецензент на учебниците:<br>Технологија на ткаење за III и IV год. за средно стручно образование, за образповниот профил текстилен техничар | 2 | 2 | **4** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир (**2** во земјата/ **0** во странство) | 2 | 1/2 | **2** |
| Член на организационен одбор -<br>Координатор на реформата на стручно образование во средните стручни училишта во Македонија; Раководител на Центар за кариера и ментор на младинската организација | 2 | 1 | **2** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Стручни награди и признанија (сертификат за посетуваните обуки) | 10 | 4 | **40** |
| **ВКУПНО** | **64** | | |

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања, кандидатката ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО + НИ + СУ + САОР):

- Наставно-образовна (НО) = 16
- Научноистажувачка (НИ) и стручно-уметничка (СУ) = 8
- Стручно-апликативни и организационо-развојно (САОР) = 40

Вкупно (НО + НИ + СУ + САОР = **64** поени).